*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18/24-105*
*3.10.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина ШТИП и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 Штип со Одлука бр. 08-687/1 од 26.01.2024 година, од Советот на Општина Штип, Градоначалникот на Општина Штип го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ.01.04, СО НАМЕНА „А“ ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП ( Опфат помеѓу улицитеул. Карл Маркс, крак на ул. Карл Маркс и ул. Пиринска )**

Границите на опфатот се движат по:

- Од јужна страна со осовина на улица Пиринска
-Од југозападна страна осовина на ул: Карл Маркс “
-Од североисточна страна со осовина на крак на ул: Карл Маркс

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 6 327.65m2.

Јавната анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ.01.04, СО НАМЕНА „А“ ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП ( Опфат помеѓу улицитеул. Карл Маркс, крак на ул. Карл Маркс и ул. Пиринска ) ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 22 октомври 2024 (вторник) до 20 ноември 2024 год (среда), а јавната презентација со



Scanned with CamScanner

стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 14 ноември (четврток) 2024 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

**Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.**

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ШТИП
ОПШТИНА ШТИП

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република С. Македонија*
*Одделение за урбанизам,градежништво,станбени работи и заштита на животна средина*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта:gradoncalnik@stip.gov.mk*

Scanned with CamScanner